Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Сектор за ЕУ
Црвена Скопска Општина
број 4, 1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

НашБр. 28-10503/2

Ваш бр. 274/0302

Датум: 18.11.2010

До: Центар за истражување и информирање
за животна средина Еко-свест – Скопје
ул. „11 Октомври“ бр. 125/12
1000 Скопје, Македонија

Предмет: Одговор на барање за вклученост на еколошките граѓански здруженија во транспортната заедница

Почитувани,

Во преговорите за потпишување на Договорот за основање на транспортна заедница учествува преговарачки тим на Република Македонија. Предвидената динамика за текот и завршувањето на преговорите е дека ратификувањето на договорот ќе заврши во 2011 а ќе стапи во сила во 2012 година.

Ве информираме дека во нацрт текстот на договорот има предвидено учество на невладини организации од Вашата област како набљудувачи во техничките комитети. Што значи дека, откако ќе се формира Регионален управен комитет во рамките на Транспортната заедница, Регионалниот управен комитет за одредени области поврзани со транспортот ,на ad-hoc основа, ќе формира Технички комитети. Во овие технички комитети исто така на ad-hoc основа ќе се поканувaат организации од граѓанското општество соодветно на областа за која одредениот технички комитет е формиран да земат учество како набљудувачи.

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за
транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Преговарачкиот тим на Република Македонија ќе ја има во предвид Вашата заинтересираност за учество во фазите на имплементација и во учеството на техничките комитети за животна средина.

Со почит,

Дарко Спироски

Раководител на Сектор за Европска Унија

Изработил: Г.Т
Контролирал: Одобрил: И.С.